РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

| Примено: 18 12 2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 0301 | 617/3 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08-91/11
07.12. 2020 год.-viti
Скопје - Shkup

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 9 седница одржана на 30.11.2020 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Применета математика", од прв циклус академски студии на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" Штип**

1. Се акредитира студиската програма „Применета математика", од прв циклус академски студии на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран математичар - Применета математика /во меѓународен промет академски назив: Bachelor of science in mathematics - Applied Mathematics, VI A (NQF)

4. Научно - истражувачко подрачје: Природно - математички науки.
Научно – истражувачко поле: Математика, Информатика;
Научно – истражувачка област: 1.10 Информатика , 11000 Информатика , 11001Теорија на системи и контрола , 11002 Информациски системи и програмирање , 11003 Програмски јазици и системи , 11004 Нумеричка анализа , 11005 Вештачка интелигенција , 11006 Сметачки интегрирани методи и апликации , 11007 Алгоритми , 11008 Оптимизација , 11009 Симулација , 11010 Развивање на софтвер и бази на податоци , 11011 Друго , 1.09 Математика
10900 Математика , 10901 Алгебра , 10902 Анализа и функционална анализа 10903 Диференцијални равенки , 10904 Функции , 10905 Геометрија , 10906 Математичка логика , 10907 Математичка статистика и операциони истражувања , 10908 Теорија на броеви , 10909 Теорија на веројатност , 10910 теорија на графови , 10911 Топологија , 10912 Применета математика и математичко моделирање , 10913 Програмирање , 10914 Друго.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 20 редовни студенти, 10 редовни со кофинансирање и 10 вонредни.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 0201 - 306/62 од 20.05.2020 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студенската програма „Применета математика“ од прв циклус академски студии на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 91/1 од 10.07.2020 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 6-та седницата одржана на 26.08.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 91/8 од 02.12.2020 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 9-та седница одржана на 30.11.2020 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски